Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 09.04.2022

Во периодот од 23.00 часот на 08.04.2022 до 03.30 часот на 09.04.2022 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје извршиле контроли во повеќе угостителски објекти и прегледи на повеќе лица и патнички возила. Притоа, кај 7 лица од Скопје биле пронајдени марихуана и кокаин. Кај В.З.(34) била пронајдена бела прашкаста материја, кај Б.Ј.(28) била пронајдена бела прашкаста материја, кај М.З.(37) била пронајдена бела прашкаста материја и марихуана, кај А.Б.(25) била пронајдена марихуана, кај Н.Ќ.(23) марихуана, кај М.П.(42) кокаин и кај Т.Д.(20) била пронајдена марихуана. Лицата биле лишени од слобода и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.04.2022,полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.Л.(39) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 08.04.2022, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.Ф.(32) од Струмица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

Денеска(09.04.2022) во 03.00 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Н.М.(35) од Стар Јоџран. При претрес во возило „форд фиеста" со гевгелиски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени 19 штеки цигари без бандероли. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 278 од Кривичниот законик и член 77 од Законот за акцизи.

На 08.04.2022 во 10.30 часот на ул.„Московска" во Скопје, полициски слуижбеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(53) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен содветен поднесок.

На 08.04.2022 во 22.05 часот на магистралниот пат А2, кај с.Другово, кичевско, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода А.Д.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен содветен поднесок.

На 08.04.2022 во 20.50 часот на регионалниот пат Тетово-с.Пирок, во с.Пирок, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Камењане ги лишиле од слобода Ш.Р.(34), Д.Б.(32) и Б.Б.(39), сите од с.Горна Бањица, гостиварско. При преглед во возилото „ситроен" со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал Ш.Р., а сопатници биле Д.Б. и Б.Б., била пронајдена и одземана марихуана. По целосно документирањена случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2022 во 23.00 часот во с.Глумово, скопско, полициски службеници од Полициското одделение Сарај го лишиле од слобода С.А.(28) од с.Копаница, скопско, затоа што кај него бил пронајден нож на расклопување. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2022 во 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Благоја Паровиќ" и ул.„Георги Попристов" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.Л.(30) од Скопје и мотоцикл со скопски регистарски ознаки, управуван од Х.Б.(25) од Скопје.Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, а малолетен сопатник на мотоциклот се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 08.04.2022 во 09.45 часот во Полициската станица Карпош, А.С.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Цанкар" била касната од куче скитник.

На 08.04.2022 во 11.35 часот во Полициската станица Струмица, М.Ѓ.(27) од Струмица пријавила дека на бул.„Ленинова" во Струмица била касната од куче скитник.

По преземени мерки и активности од полициски службеници на СВР Штип, во полициска станица бил повикан Е.М.(20) од Штип поради постоење основи на сомнение дека извршил кривично дело „кражба" во основно училиште во Штип и дека извршил кривично дело „тешка кражба" од куќа на ул.„Широк дол" во Штип. Одземените предмети биле пронајдени и ќе бидат вратени на сопствениците. По целосно документирање на случаите против Е.М. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 09.04.2022 во 01.15 часот, при контрола на патничко возило „бмв", извршена во близина на кичевското село Другово, полициските службеници кај Н.Т.(34) од охридското село Мешеишта пронајдоа и одзедоа предмети со остатоци од бела прашкаста материја. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделенијата за криминалистички работи во единиците за внатрешни работи при СВР Скопје, во содејство со Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Скопје, во текот на изминатата недела преземаа мерки и активности за спречување на „питачење". Лишени од слобода биле Е.И.(20), Ш.И.(49), двајата од Скопје. Е.И. бил затекнат заедно со својата малолетна сестра, ќерка на Ш.И., при питачење на крстосница на булевар „Гоце Делчев". Со нив бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот против нив ќе следат кривични пријави, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 201 од Кривичниот законик.

На 08.04.2022 во 11.00 часот, по преземени мерки и активности, полициски службеници од СРВ Велес го лишиле од слобода А.Р.(20) од Велес поради сомнение дека сторил повеќе кривични дела „тешка кражба" во куќи. Тој бил задржан во полициска станица и денеска во 08.00 часот бил спроведен во Основен суд Велес за да биде изведен пред судија на претходна постапка. Откако го предале на судијата, полициските службеници останале во ходникот пред судницата. Тој во судницата ја турнал дактилографката и избегал преку отворениот прозорец. По преземени мерки, во 11.00 часот А.Р. бил пронајден и приведен во СВР Велес. При превземањето мерки, во два наврати полициски службеници испукале предупредувачки куршуми во воздух. А.Р. бил спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Скопје за издржување на казната притвор, која му ја определи судија на претходна постапка.

На 08.04.2022 во 18.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Н.М.(22) од с.Умин Дол, кумановско и Д.А.(18) од с.Љубодраг, кумановско, затоа што околу 16.50 часот во близина на железничката пруга во с.Черкези, кумановско, со тврди предмети го оштетиле возилото „ајвај" на З.И.(41) од Куманово и се обиделе физички да го нападнат. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2022 во 14.25 часот на ул.„Ѓорче Петров" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од с.Кондово, скопско, затоа што физички нападнал друг малолетник од истото село. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.04.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Бојане, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ш.(44) и Р.Ш.(26) од една страна и И.Р.(39), Р.Р.(29) и Д.Р.(43) од друга страна, сите од с.Бојане. Се работи на расчистување на случајот.
На 09.04.2022 околу 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус бр.57 на ЈСП, кој се движел на релација од Бит Пазар кон Чаир, двајца малолетници од Радишани го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 08.04.2022 во 11.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во средно училиште на ул.„Јордан Мијалков" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресмтка помеѓу троја малолетници од Скопје, од една страна и еден малолетник од Штип од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 13.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Франклин Рузвелт", поради недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.М.(30) од Скопје и М.Н.(36) од с.Раклиш, радовишко. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 08.04.2022 во 13.15 часот во СВР Скопје, В.Б.(59) од Скопје пријавил дека околу 08.10 часот на бул.„Партизански одреди" бил физички нападнат од едно лице поради недоразбирање во сообраќајот. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Т.Т.(47) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот на ул.„Лука Геров" неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 13.00 часот во СВР Скопје, А.Т.(59) од Скопје пријавила дека околу 10.20 часот во средно училиште во Скопје нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 18.00 часот во СВР Скопје, 46-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 17.10 часот на ул.„Ќемал Ататурк" била физички нападната од нејзината снаа З.А.(52) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 став 1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 08.04.2022 во 10.38 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Свети Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен Н.В.(39) од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и во разговор со нив Н.В. пријавил дека на 07.04.2022 околу 22.00 часот на бул.„Јане Сандански" бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 17.20 часот во СВР Скопје, А.Ч.(34) од СКопје пријавила дека околу 07.10 часот во основно училиште на ул.„Венјамин Мачуковски" нејзината малолетна ќерка била физички нападната од двајца соучленици. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 18.00 часот во СВР Велес било пријавено дека околу 16.00 пред интернатот на ул.„Христо Татарчев" во Велес малолетник бил физички нападнат од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2022 во 21.40 часот во СВР Тетово, С.Ј.(20) од Тетово и П.С. од с.Брвеница, тетовско, пријавиле дека околу 18.00 часот пред фирмата во која работат нивниот колега Б.Н.(33) од Тетово бил физички нападнат од две лица кои употребиле и метален предмет. Според пријавеното, тие успеале да го одбранат и лицата побегнале. Како што е пријавено, лицата се вратиле и се обиделе да ги нападнат со остар предмет, по што тие влегле во фирмата, а напаѓачите го оштетиле возилото на С.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2022, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(28) од с.Копаница, скопско, затоа што околу 18.10 часот во с.Горно Арнакија, скопско, со уште две лица се обиделе со употреба на сила да влезат во автобус на ЈСП и скршиле стако на предната врата. При приведувањето кај него бил пронајден нож на расклопување. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет